Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 24.07.2021

На 24.07.2021 во 01.15 часот на Градското шеталиште во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Н.У.(32) од Битола затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.07.2021 во 02.10 часот во с.Проевце, кумановско, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода В.С.(28) од Куманово затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.07.2021 околу 15.00 часот, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода М.Н.(60) од Охрид. При претрес, извршен со судска наредба, кај него биле пронајдени 33 куршуми различен калибар. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.07.2021 околу 12.30 часот, во атарот на с.Мислешево, струшко, полициски службеници од ОВР Струга и регионалниот центар за гранични работи Запад пронашле насади од растението „Канабис сатива". Пронајдените стебла биле подигнати за понатамошна постапка, а по целосно документирање и расчистување на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.07.2021 околу 16.10 часот во СВР Куманово било пријавено дека на ул.„11-ти Октомври" во Куманово, патничко возило „ауди" со струшки регистарски ознаки, управувано од Л.Н.(45) од с.Велешта, струшко, удрило во Н.Н.(46) од с.Табановце, кумановско. Во незгодата, Н.Н. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Куманово. Увид на местото извршила екипа од СВР Куманово.

Синоќа (23/24.07.2021) во периодот од 21 од 03 часот спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 91 возачи.Засилените акциски контроли продолжуваат и во наредните денови. Апелираме до сите учесници во сообраќајот да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи и заеднички да придонесеме за побезбедни патишта.

На 23.07.2021 во 23.00 часот на ул.„Никола Парапунов" во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар го лишиле од слобода Д.С.(40) од Гостивар затоа што кај него биле пронајдени три кеси со кафеава прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (23.07.2021) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на град Скопје изречени се вкупно 168 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 66 санкции, 14 за возење без возачка дозвола, три прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли, четири за технички неисправни и нерегистрирани возила.Изречени се осум санкции за користење мобилен телефон, 13 за возење под дејство на алкохол...

На 23.07.2021 од 07 до 12 часот полициски службеници спроведоа засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои непрописно престигнуваат, при што санкционирани се 109 возачи. Од нив најголем број на територија на СВР Тетово-23, по 22 на територија на СВР Охрид и СВР Куманово... Непрописното престигнување е една од најчестите причини за сообраќајни незгоди со тешки последици.

На 23.07.2021 во 10.25 часот во СВР Битола било пријавено дека на општинскиот пат за с.Долно Оризари, товарно возило „ивеко" со битолски регистарски ознаки, управувано од А.Д.(47) од Битола, удрило во велосипедистот Т.У.(67) од с.Долно Оризари, битолско. Во незгодата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Битола. Увид на местото извршила екипа од СВР Битола.

На 23.07.2021 околу 14.00 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека на локалниот пат во с.Лабуништа, струшко, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „нисан терано" со охридски регистарски ознаки, управувано од Ш.И.(53) од с.Заграчани и патничко возило „застава" со охридски регистарски ознаки, управувано од Љ.П.(34) од с.Ложани. Во незгодата, Љ.П. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Струга. Увид извршила екипа од Полициската станица Струга.

На 23.07.2021 во 11.30 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на локален пат во кичевското село Грешница, К.К.(34) од кичевското село Бачишта, управувајќи мотоцикл „априлија", изгубил контрола и паднал. Во незгодата тој се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница во Кичево. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кичево.

На 23.07.2021 во 16.50 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.А.(32) од Скопје пријавил дека на ул.„Ацо Шопов" бил каснат од куче скитник.

На 23.07.2021 во 12.30 часот во СВР Битола, С.Ј.(73) од с.Кравари пријавила дека во Градскиот пазар во Битола била касната од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (23.07/24.07.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 17 прекршоци.

На 23.07.2021 во 14.05 часот, полициски службеници од Полициската станица Македонски Брод го лишиле од слобода Г.Б.(51) од Македонски Брод затоа што бил затекнат при извршување кражба. Украденото било пронајдено и одземено, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (24.07.) од 07 до 13 часот Мобилната единица за безбедност во сообраќајот спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, на автопатот Куманово-Скопје-Велес, при што санкционирани се 102 возачи. 13 возачи возеле со брзина од над 50 километри на час над пропишаната.Засилените сообраќајни контроли продолжуваат и во наредните денови. Апелираме до граѓаните да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи за да ја зголемиме безбедноста во сообраќајот и заедно да придонесеме за посигурни патишта.

Денеска (24.07.) од 07 до 13 часот полициски службеници од СВР Штип спроведоа засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, на територија на СВР Штип, при што санкционирани се 65 возачи. Од нив 40 на територија на Свети Николе, 14-Штип... Шест возачи возеле со над 50 километри на час над дозволеното, а двајца со дури 70 километри на час над дозволеното.

На 23.07.2021 во 15.05 часот во СВР Битола било пријавено дека на патот Битола – Прилеп, кај место викано „Тулана", П.С.(22) од Битола, управувајќи мопед „шамп"со битолски регистарски ознаки, изгубил контрола и удрил во заштитна ограда. Во незгодата П.С. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола. Увид извршила екипа на СВР Битола.

На 24.07.2021 во 03.25 часот на ул.„Ѓорѓи Димитров" во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци ги лишиле од слобода Д.Л.(52), С.Л.(20) и Ф.Л.(17) од Кавадарци затоа што физички го нападнале И.С.(19) од Кавадарци, при што еден од нив употребил остар предмет. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.07.2021 околу 20.40 часот, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода Ф.П.(28) затоа што околу 20.10 часот во угостителски објект на ул.„Максим Горки" во Скопје го нарушил јавниот ред и мир со физички напад врз М.М.(24). По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.07.2021 околу 01.00 часот во Клиничката болница Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Ј.А.(43) од Тетово затоа што во болницата се однесувал агресивно и се обидел физички да нападне лекар. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.07.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Центар, З.В.(34) – со живеалиште во Центарот за бездомни лица Чичино село во с.Сарај, пријавил дека во Центарот бил физички нападнат од две лица, исто така, сместени во Центарот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.07.2021 во Полициската станица Центар, Б.Б.П.(30) од Скопје пријавила дека околу 01.00 часот на бул.„Климент Охридски" била физички нападната од две женски лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.07.2021 околу 22.45 часот во СВР Штип било пријавено дека на локалниот пат Пехчево-с.Негрево, Ј.Н.(19) од Штип, управувајќи патничко возило „фолксваген поло" со штипски регистарски ознаки, изгубил контрола, излетал од патот и удрил во објект сопственост на С.М. од с.Негрево. Во незгодата, возачот и М.М. (19) се здобиле со повреди, а И.А.(19) со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Штип. Увид на местото извршила екипа од СВР Штип.

На 23.07.2021 во 13.25 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна Установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение било пријавено нивниот штитеник Д.С.(17) од Скопје се оддалечил од установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 23.07.2021 во 22.55 часот во Полициското одделение Галате, Ф.М.(43) од с.Дебреше пријавил дека околу 21.30 часот во угостителски објект во с.Дебреше бил физички нападнат од Ф.Н. од с.Дебреше. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.07.2021 во 05.10 часот СВР Струмица, Д.Ѓ.(34) од с.Муртино, струмичко, пријавил дека околу 04.00 часот во угостителски објект во Струмица бил физички нападнат од Г.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.07.2021 околу 11.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на потегот од с.Горно Лисиче кон с.Долно Лисиче, скопско, настанал пожар кој зафатил поголема површина сува трева и дрвца. Во 17.30 часот пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема.

На 23.07.2021 во 20.00 часот во Полициската станица Гостивар, Н.Ј.(49) од Гостивар пријавил дека од дома се оддалечила неговата сопруга Ш.Ј.(44). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 23.07.2021 во Полициската станица Центар, од Јавна установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушително поведение било пријавено дека нивниот штитеник Д.Д.(14) од Скопје се оддалечил од Организационата единица – Капиштец. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 23.07.2021 околу 09.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Филип Втори Македонски" во Скопје со закана кон вработениот одзел пари од прометот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија. ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет